31 АВГУСТ - 7 СЕПТЕМВРИ, 2022



# ФЕСТИВАЛ НА НЕМ И КЛАСИЧЕН ФИЛМ

ВТОРО ИЗДАНИЕ

# ВТОРО ИЗДАНИЕ НА „ФЕСТИВАЛ НА НЕМ И КЛАСИЧЕН ФИЛМ“

Со проекција на НОСФЕРАТУ, СИМФОНИЈА НА СТРАВОТ (Nosferatu, eine Symphonie des Grauens / Nosferatu, a Symphony of the Gray), филм на Фридрих Вилхелм Мурнау (Friedrich Wilhelm Murnau) од 1922 година, во музичка придружба на Џијан Емин, на 31 август (среда) во 20:00 ч. во летното кино, Кинотека го започнува годинешното издание на ФЕСТИВАЛОТ НА НЕМ И КЛАСИЧЕН ФИЛМ, кој ќе трае до 7 септември.

Во 14 термини ќе презентираме: три филма на типичниот претставник на германскиот експресионизам Мурнау; два со Бастер Китон (Buster Keaton), „човекот со каменото лице што го засмејуваше светот“ од ерата на немиот филм; мини-циклус на Рајнер Вернер Фасбиндер (Rainer Werner Fassbinder); по еден филм на француските авторски ведети Луј Мал (Louis Malle) и Клод Соте (Claude Sautet),; како и домашното документарно наследство – ФИЛМСКИ НОВОСТИ (1945-1948).

На 7 СЕПТЕМВРИ (СРЕДА), 20:00 ч., на последната вечер на ФЕСТИВАЛОТ НА НЕМ И КЛАСИЧЕН ФИЛМ, во летното кино ќе бидат прикажани три етнолошки филмови во чест на проф. д-р Вера Кличкова, по повод 111 години од нејзиното раѓање. Оваа проекција на филмовите РУСАЛИСКИ ОБИЧАИ ВО ГЕВГЕЛИСКО, ВЕЛИГДЕНСКИ ОБИЧАИ и МАРИОВСКА СВАДБА е дел од проектот „Сезона на филмски класици“ (A Season Of Classic Films) на Асоцијацијата на европски кинотеки (Association des Cinematheques Europeennes / ACE), со чија финансиска помош, истите беа дигитализирани и дигитално реставрирани.

Освен НОСФЕРАТУ, ќе ги видиме и филмовите ФАУСТ (Faust / Faust) и ПАТУВАЊЕ ВО НОЌТА (Der Gang in die Nacht / Journey into the Night) на Мурнау. Можеби ќе звучи како интересна паралела што актерот Вилхелм Дитерле, кој во филмот ФАУСТ го игра Валентин, братот на Гречен, во 30-те години од минатиот век емигрирал во САД и направил светска кариера како режисер и актер под името Вилијам Дитерле (William Dieterle). Во богатата кариера го режирал и ДУБРОВСКИ (1959; според истоимената новела на Александар С. Пушкин за руската варијанта на Робин Худ) под оригиналниот наслов ОДМАЗДНИКОТ (Il vendicatore / The Avenger) како копродукција помеѓу „Вардар филм – Скопје“ од Македонија и „Хесspecies филм – Рома“ од Италија. Во него, покрај актерите Џон Форсајт (за нашата публика најпознат по главната улога во некогаш мега-популарната ТВ серија „Династија“), Росана Скиафино, Пол Далке и Мерио Бернарди во главните улоги, играат и Илија Џувалековски, Драгомир Фелба, Дара Милошевиќ, Јован Јаниќиевиќ, Божидар Дрниќ, а во екипата на филмот учествувале и Ацо Петровски како директор на филмот, костимографката Мира Глишиќ, асистентите на режија Александар Ѓурчинов, Кочо Недков и Миомир Мики Стаменковиќ, потоа асистент снимател Љубе Петковски, асистент на сценографија Диме Шумка и организаторот на снимање Ристо Теофиловски-Рицвеј.

Кога сме кај куриозитетите врзани со овој филм, хрониките забележале дека на аудицијата за главната женска улога се пријавила и Лени Рифенштал (Leni Riefenstahl), подоцна успешна актерка, но многу попозната како режисерка на пропагандните документарни филмови од периодот на нацистичка Германија (ТРИУМФ НА ВОЛЈАТА и ОЛИМПИЈА се нејзини најпознати наслови). Меѓутоа, била одбиена.

Фасбиндер, пак, во неговиот краток и бурен живот (1945-1982) снимил 30 филмови во период од 12 години. Вљубеникот во холивудските мелодрами на Даглас Сирк (Douglas Sirk), во раната младост ќе ја „размрда“ германската и европската кинематографија со неговите бескомпромисни филмови. ЛИЛИ МАРЛЕН (Lili Marleen), БРАКОТ НА МАРИЈА БРАУН (Die Ehe der Maria Braun / The Marriage of Maria Braun), ЕФИ БРИСТ (Fontane Effi Briest / Effi Briest), КОПНЕЖОТ НА ВЕРОНИКА ФОС (Die Sehnsucht der Veronika Voss / Veronika Voss) и МАРТА (Martha) се изборот од неговата исклучителна филмографија за ова издание на ФЕСТИВАЛОТ НА НЕМ И КЛАСИЧЕН ФИЛМ.

**Стојан Синадинов**

ПРОГРАМА

**31 АВГУСТ (СРЕДА), 20:00 ч.**

## *НОСФЕРАТУ, СИМФОНИЈА НА СТРАВОТ (Nosferatu, eine Symphonie des Grauens / Nosferatu, a Symphony of the Gray)*

Игран филм, Германија
1922, 81 мин., црно-бел, 16 мм
Режија: Фридрих Вилхелм Мурнау (Friedrich Wilhelm Murnau)
Сценарио: Хенрик Гален (Henrik Galeen)
Улоги: Макс Шрек, Александер Гранах, Густав фон Вангенхајм, Грета Шредер
(Max Schreck, Alexander Granach, Gustav von Wangenheim, Greta Schröder)

**Музичка придружба: Цијан Емин**

Во германскиот град Визбург, 1838 година, агентот за недвижности Нок (Гранах) го испраќа својот соработник Хутер (фон Вангенхајм) во Трансилванија, во замокот на грофот Орлок (Шрек), кој сака да купи куќа наспроти домот на Хутер. Хутер ја остава сопругата Елен кај својот богат пријател и тргнува на пат, а кога пристига во Трансилванија, тамошните жители не сакаат да му помогнат да го превезат до замокот на грофот ниту да се приближат до зданието кое го сметаат за проклето. Кога некако ќе дојде до грофот, на Хутер му е необично што тој се однесува чудно и што состаноците ги одржува само ноќе. Хутер не знае дека грофот е вампир кој наскоро ќе го затвори во замокот и ќе замине во Визбург, носејќи со себе неколку мртовечки ковчези, полни со проклетата земја во која бил закопан. Хутер бега од замокот и веднаш тргнува назад кон Визбург, каде што ќе почнат да се случуваат тегобни и мрачни случки.
НОСФЕРАТУ е слободна адаптација на романот ДРАКУЛА на Брем Стокер (Bram Stoker) од 1897 година, со изменети имиња на ликовите. НОСФЕРАТУ е првиот голем филмски успех на Мурнау, кој има свое место во историјата на филмот заради сугестивната мрачна атмосфера, комбинирана со мелодраматичната морбидност, што било исчекор за стандардите на германскиот експресионизам.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влезница: 100 денари**



**Џијан Емин** е човек со име и презиме. Токму онака како што своевремено пееше „Архангел“, група во којашто едно време и самиот беше член. Име и презиме кое се запаметува од прва, човек за кого и светот слушна. Силната желба – сето она што во младоста, како музички уметник го стекнал и го практикувал – да го преточи во диригирањето, за кое велат дека е најкомплексниот сегмент од најубавата уметност – на Џијан му се оствари. Џијан Емин застана зад пултот со Македонска филхармонија во повеќе значајни проекти изминатите неколку години, во дел од нив и како оркестратор, привлекувајќи го силно вниманието на јавноста.
На пример, масовните концерти со Феми Кути и Македонската филхармонија, „Скопје за Боуви“ и „Пинк флојд“ во Градскиот парк на манифестацијата „Види музика, слушни слика, добиј книга“, музичко-сценскиот спектакл „Музика универзалис“ во охридскиот Антички театар со еден од пионерите на детроитската техно-сцена Дерик Меј и повторно Македонската филхармонија, проект со кој го прошета светот (САД, Австралија, Европа), потоа се памети и настапот со Белградскиот симфониски оркестар и американскиот диџеј Јуан Аткинс – уште еден експериментален влог во кој фузијата на електронската и класичната музика се покажа мошне и.инспиративна. Како и минатогодишниo концерт „Париз те сакам“ по повод Денот на вљубените, на кој француски познати шансони беа во негови аранжмани, проект со кој, исто така, излезе надвор од нашите граници (Прага, Будимпешта). Потоа, тука е и мултимедијалниот проект „Neuland Sensorium“ што се одржа во „Мала ...станица“ и кој се издвои како еден од иновативните звучни проекти и во авторска, но и во продукциска конотација, како диригент на Симфониски концерти за деца, а и на новиот и мошне активен ансамбл на Здружението на џез-музичари на Македонија...
„Секој уметник презема храбри чекори и одговара на предизвиците во уметноста, кои се круцијални за добивање нови форми, нов израз, нови начини кои носат воспоставување нови медиуми“. Токму тоа, Џијан Емин, во разни форми и жанрови, досега умешно го прави, тежнеејќи да претстави една нова музичка перцепција, да наметне нова звучна естетика која се базира на неговото навистина огромно искуство како мултимедијален музичар – многу години како прв хорнист во Македонска филхармонија, клавијатурист, гитарист, композитор, аранжер, сега и диригент...






Вели дека не може да ги наброи сите свои досегашни проекти и соработки, затоа што се многу. Сепак, ќе издвоиме уште неколку од нив: концертите како хорнист со Македонска филхармонија, но и со Белградската, концертите како класичен солист, камерен музичар, активностите во другите жанрови со бендовите како што се „Проект жлуст“, „Д.Н.О.“, Квартетот на Георги Шарески, „Скопје конекшн“, многу проекти со „Архангел“, соработките со Влатко Стефановски, Бодан Арсовски, Тони Китановски, Кирил Џајковски, „Фолтин“ и Никола Коџабашија, бројните дискографски изданија, ангажманите со оркестарот за снимање филмска музика „Фејмс“, каде е потпишан како оркестратор на повеќе од 80 проекти, меѓу кои се најде и неговата оркестрација на музиката на Мет Феди која го одбележа најголемиот новогодишен огномет кој се случи во Дубаи, соработки со добитници на Оскар и Греми награди како Малколм Брн, продуцент кој работел и со „У2“, Питер Габриел или Боб Дилан, потоа со А.Р. Рахман, Џеф Милс, Франческо Тристано, Вилијам Паркер, Грег Хопкинс, Питер Херберт, Дамо Сузуки, Џовани Фалцоне, Френк Лондон, Боб Стјуарт, Џанлука Петрела, Лука Аквино, Ернст Рејсегер, Рено Гарсија Фонс...
Еден од неговите најнови настапи како диригент и композитор се случи во престижната концертна сала во Лондон, Ројал Фестивал Хол.
Досега има диригирано со Детроитскиот симфониски оркестар, Симфонискиот оркестар на Мелбурн, Оркестарот Ламоро – Париз, Фламанскиот симфониски оркестар, Националниот оркестар на Кан, Националниот оркестар на Мец, Националниот оркестар на Грузија, Дунавскиот оркестар Обуда – Будимпешта, Македонската филхармонија, Оркестарот ФАМЕС од Скопје.

За Џијан Емин, музиката има магична моќ. На различни начини успева да нѐ води низ времето, ни ги пренесува мудростите на животот, несвесно влијае на нашиот разум и нѐ прави подобри луѓе. Тој го следи своето срце кое, признава, му нанело многу болки, но за возврат, денес ја има слободата која носи безмерна среќа и која сака да ја споделува со луѓето.

**1 СЕПТЕМВРИ (ЧЕТВРТОК), 18:00 ч.**

## *ФИЛМСКИ НОВОСТИ (1948-1951): ПРИКАЗНИ ОД МАКЕДОНИЈА*

**За прилозите од журналите на „Филмски новости“**







Кинотеката и оваа година продолжува со прикажување на нови прилози за Македонија од журналите на „Филмски новости“. Во 2021 година, Кинотеката од архивот на „Филмске новости“ од Белград, обезбеди скенирани 64 стории снимени од 1948 до 1951 година, во времетраење од 70 минути и 47 секунди, во ц/б техника, со или без тонскиот запис.

Филмските журнали од „Филмски новости“ почнале да се снимаат во далечната 1945 година, со цел да се следат сите важни случувања врзани за политичкиот, економскиот и културниот развој на земјата. Во текот на првите пет години од активноста на „Филмски новости“ (1945-1950), и покрај многуте објективни тешкотии и лошите услови за работа, еднаш неделно редовно излегувале нови изданија. Без оглед на појавувањето на телевизијата во Југославија во 1958 година, филмските журнали продолжуваат со години да се произведуваат на ист начин и со иста динамика, секоја сабота – сè до 1980 година, по што продукцијата започнува да се намалува до 1989 година, кога е објавен и последниот број. Снимањето се одвивало до среда, синхронизацијата во четврток, а цензурата во петокот.

Во сите републики во поранешна Југославија, претпријатието имало свои дописници, новинари и сниматели. Од Македонија, најпрво – тоа бил Трајче Попов, а нешто подоцна Никола Христовски и други, кои ги имаат снимено речиси сите филмски материјали од Македонија. Со текот на годините, во „Филмски новости“ е насобран, по обем и по значење, огромен фундус на филмски материјали што се однесуваат на Македонија. Содржините на сториите од 1948-1951 се енциклопедија на секојдневниот живот во текот на годините.









Нема област која „Филмски новости“ не ја допрела и не ја прикажала – од политичкиот живот (на кој што му се давал приоритет од пропагандни причини), па обновата и изградбата на земјата, отворање на нови индустриски капацитети и достигнувањата во приозводствениот процес, освојувањето на нови производи, сегменти од задругарскиот живот по селата, секојдневието на туристичките центри, одликувања на трудбеници, културни манифестации, прослави, одбележување на годишнини, спортски настани, и др.

Прилозите од журналите на „Филмски новости“ кои се чуваат во архивот на Кинотеката, освен што преставуваат културно наследство на Македонија, тие – исто така – ја отсликуваат историјата на земјата и им овозможуваат на гледачите да добијат сознанија за тоа како изгледал секојдневниот живот со сите политички, спортски и културни настани – во тоа време.

**Возрасна категорија: за сите возрасти**
**Влезница: 50 денари**

**1 СЕПТЕМВРИ (ЧЕТВРТОК), 20:00 ч.**

## *ФАУСТ*
## *(Faust – Eine deutsche Volkssage)*




Игран филм, Германија,
1926, 106 мин., црно-бел, ХД-видео
Режија: Фридрих Вилхелм Мурнау
(Friedrich Wilhelm Murnau)
Сценарио: Герхарт Хауптман, Ханс Кајзер
(Gerhart Hauptmann, Hans Kyser)
Улоги: Госта Екман, Емил Јанингс, Камила Хорн,
Фрида Рихард, Вилхелм Дитерле (Gösta Ekman,
Emil Jannings, Camilla Horn, Frida Richard, Wilhelm Dieterle)

**Музичка придружба - Ива Дамјановски**

ФАУСТ на Мурнау (со поднаслов „Една германска приказна“) е работен по мотивите од „Фауст“ на Јохан Волфганг вон Гете (Johann Wolfgang von Goethe), „Легендите за Фауст“ на Кристофер Марлоу (Christopher Marlowe) и сценариото на Лудвиг Бергер (Ludwig Berger) за „Изгубениот рај“ («Das verlorene Paradies») според германската верзија на романот на Џон Милтон (John Milton).
Силите на Злото се обидуваат да побегегнат од подземјето, но во тоа ги спречува Ангелот. Ангелот потоа се обложува со Ѓаволот дека целата Земја ќе потпадне под владение на Злото ако добродушниот стар научник, алхемичарот Фауст, стане лош. Во спротивно, ако Фауст остане добар, тогаш и на Земјата вечно ќе владее Доброто.
Ѓаволот ќе предизвика зараза во Прага, родниот град на Фауст. Фауст се обидува да најде лек и склопува пакт со Мефисто, но граѓаните ќе дознаат и ќе го протераат. Мефисто на Фауст му подарува вечна младост и со летечкиот тепих ќе го одведе во Италија. Во Парма треба да се одржи венчавката на убавата војводка Маргерита, но Мефисто ќе ја заведе и ќе му ја препушти на Фауст. Фауст, маѓепсан од новата младост, прифаќа да му ја продаде душата на Мефисто а за возврат да ја добие вечноста. Но, кога Фауст ќе се врати во Прага и ќе се заљуби во религиозната девица Гречен, Мефисто ќе го убие брат ѝ, а за тој чин ќе го обвини Фауст.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влез слободен**



**Ива Дамјановски** (1996) Родена е на 09. Јануари, 1996 во Скопје, Р. Македонија и е дипломиран пијанист на Факултетот за музичка уметност при УКИМ (2019), класа на проф. Тодор Светиев. Моментално е студент на катедрата за Музикологија, на универзитетот „Università di Trento", како и на катедрата по Музичка Интерпретација и Композиција на Факултетот за музичка уметност при УКИМ – Скопје, класа на проф. Марија Ѓошевска.

Автор е на научната статија „Сценското дело на иднината: современиот перформативен феномен, неговиот развој и комуникација со публиката", објавена во четвртото издание на научното списание „ArsAcademica" (2016). Автор е и на трудот „ELELORP 76: MUSICANOVAMACEDONICA. Електроакустичната музика во Македонија, нејзиниот развој и карактеристика", презентиран во рамки на Научната конференција на 42-то издание на манифестацијата „Струшка музичка есен", издаден во официјалниот зборник на истото (2017). Дел е од организацискиот, режиски и изведувачки тим на серијата концерти „NoHayBanda" посветени на филмската музика, во соработка со Академската Сцена при Факултетот за драмски уметности при УКИМ, Скопје (2017- 2019). А, исто така, таа е организатор, режисер и изведувач на концертните проекти „Монохроматика" (дел од програмата на манифестацијата „Денови на македонска музика", 2018 ) и „Монолози" (дел од програмата на фестивалот „Златна Лира", 2018). Моментално работи хонорарно како корепетитор на Факултетот за музичка уметност при УКИМ и е дел од експерименталното дуо „Алембик", со кое го објавува првиот истоимен албум во 2022. Нејзината прва композиција за пијано, „Breath" е објавена во компилацијата „Klavirsko Nebo 3", во издаваштво на продукциската куќа „Pop Depresija". Во 2021 го реализира и својот солистички концертен проект „As we danced we gave substance to shadows", на кој за прв пат настапува, покрај пијано програмата и со изведба на теремин. Во 2022 настапува и како солист на концертот „Теремин Вокс Фантазија" со Македонската Филхармонија.

"Ниеден филм не е нем. Музичката илустрација на овие 4 филма од пред речиси еден век, како реимагинација на нивната драматургија и реобмислување на нивната експресија е обид да се открие ново движење и емотивно шаренило кое го имаат овие црно-бели последователни кадри (still images). Користејќи чисто акустични, како и електронски инструменти и начини на произведување на звук, и самиот технички начин на кој е изведена музиката го отелотворува токму самиот процес: спојување на старото и новото во својата заедничка иновативност, истовремено парадоксално пркосејќи му на времето и создавајќи го." - Ива Дамјановски

**2 СЕПТЕМВРИ (ПЕТОК), 18:00 ч.**

## *ЛИЛИ МАРЛЕН*
## *(Lili Marleen)*




Игран филм, Германија,
1981, 120 мин., колор, 35 мм
Режија: Рајнер Вернер Фасбиндер
(Rainer Werner Fassbinder)
Сценарио: Рајнер Вернер Фасбиндер
(Rainer Werner Fassbinder), според новелата на
Лале Андерсен (Lale Andersen)
Улоги: Хана Шигула, Џанкарло Џанини, Мел Ферер,
Карл-Хајнц Фон Хасел (Hanna Schygulla, Giancarlo Giannini,
Mel Ferrer, Karl-Heinz von Hassel)

Филм што го следи животот на младата германска пејачка Вилки, чија кариера претставува метафора на подемот и падот на нацизмот во Германија. Песната „Лили Марлен“ што ја снима во 1941 година станува најпопуларна песна во тој период. Вилки ја идентификуваат со песната и таа станува национална хероина, иако е член на отпорот. Незаборавни се сцените кога војниците на фронтот ја слушаат „Лили Марлен“ и копнеат по некаков поинаков живот.

Ова е еден од најголемите комерцијални успеси на Фасбиндер, што се должи колку на неговиот стил, авторски сензибилитет и преокупации, толку и на популарноста на песната за Лили Марлен. Интересен е фактот дека Фасбиндер воените сцени во филмот ги реализирал како реконструкција на сцените од филмот на Луис Мајлстоун НА ЗАПАД НИШТО НОВО (1930), што ја потврдува неговата фасцинација од холивудските филмови од тој период. Педантната реконструкција на настаните се потврдуваат и во најмалите детали, па така првото емитување на песната „Лили Марлен“ во етерот се случило на фреквенцијата на Радио Белград во тогаш окупираната Југославија, и тоа е јасно прикажано во сцената.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влез слободен**

**2 СЕПТЕМВРИ (ПЕТОК), 20:00 ч.**




## *ПАТУВАЊЕ ВО НОЌТА (Der Gang in die Nacht / Journey into the Night)*

Игран филм, Германија
1921, 69 мин., црно-бел, ХД-видео
Режија: Фридрих Вилхелм Мурнау (Friedrich Wilhelm Murnau)
Сценарио: Хариет Блок, Карл Мајер (Harriet Bloch, Carl Mayer)
Улоги: Олаф Фонс, Ерна Морена, Конрад Вајд, Гудрун Брун-Штефенсон (Olaf Fønss, Erna Morena, Conrad Veidt, Gudrun Bruun-Stefenssen)

**Музичка придружба - Ива Дамјановски**

Ајгил Берне, угледен доктор, долго време е свршен со Хелен, девојка која е лудо вљубена во него. На роденденската прослава на Елен, Ејгил ја поканува во кабаре, каде ја запознава неговата нова љубов, Лили – страсна, огнена и духовита танчерка. Лили е фасцинирана од докторот Ајгил, па за да го привлече, симулира повреда на зглобот. Ајгил ја посетува за да ѝ пружи медицинска помош, а Лили го заведува. Ајгил лудо се вљубува, ја прекинува свршувачката со Хелен, и се жени со Лили.
Новопечениот брачен пар се преселува на село, каде што го запознаваат слепиот сликар Малер. Д-р Берн му го враќа видот, но дознава дека здравјето на Елен е нарушено, бидејќи таа е скршена поради нејзината прекината свршувачка. Тој се обидува да ја види Елен, но таа го одбива. Кога се враќа дома, д-р Берн открива дека Лили има афера со сликарот и ја напушта.
Години подоцна Лили го бара Ајгил. Сликарот повторно го изгубил видот и Лили го моли докторот да му помогне. Ајгил одбива велејќи ѝ на Лили дека таа е неспособна за вистинска љубов, и дека не го сака искрено сликарот. Во секој случај, Ајгил не би го оперирал сликарот доколку Лили не го напушти. По одредено време Ајгил ја посетува Лили и открива дека таа се отрула, па ќе мора да го одржи ветувањето и да го оперира сликарот, но, тој одбива. Ајгил се самоубива бидејќи не може да живее на овој свет без Лили.
ПАТУВАЊЕ ВО НОЌТА според жанровската определба е мелодрама за еден љубовен триаголник и е првиот сочуван филм од филмскиот опус на Мурнау.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влез слободен**

**3 СЕПТЕМВРИ (САБОТА), 18:00 ч.**

## *БРАКОТ НА МАРИЈА БРАУН (Die Ehe der Maria Braun / The Marriage of Maria Braun)*

Игран филм, Германија,
1978, 120 мин., колор, ХД-видео
Режија: Рајнер Вернер Фасбиндер
(Rainer Werner Fassbinder)
Сценарио: Рајнер Вернер Фасбиндер
(Rainer Werner Fassbinder)
Улоги: Хана Шигула, Клаус Лович, Иван Десни
(Hanna Schygulla, Klaus Löwitsch, Ivan Desny)




Кон крајот на Втората светска војна, Марија Браун по кратко познанство влетува во брак што трае еден ден и една ноќ. Потоа Херман заминува на фронтот каде што е заробен. Жестока сторија за животот во поствоена Германија. Крајот на филмот е во моментот кога Германија станува светски фудбалски шампион во 1954 година.
Ова е првиот филм од германската трилогија на Фасбиндер (заедно со ЛОЛА и КОПНЕЖОТ НА ВЕРОНИКА ФОС), со кој Фасбиндер, конечно, го привлекува и вниманието од публиката (покрај она на критиката).
Филм што ги содржи трите фасцинации на Фасбиндер: секс, пари и смрт. Ликовите, а и самата атмосфера што владее во филмот, се мошне пореалистични од претходните негови филмови и со него Фасбиндер веќе престанува да биде „младиот европски режисер“, кој, како што има изјавено, „сонувал да сними филм, прекрасен филм, како оние холивудските од 30-тите години“. Во филмов, Фасбиндер можеме да го препознаеме во улогата на шверцерот, кој на Марија ѝ го продава свечениот фустан.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влез слободен**




**3 СЕПТЕМВРИ (САБОТА), 20:00 ч.**

## *ГЕНЕРАЛОТ* *(The General)*

Игран филм, САД
1926, 80 мин., црно-бел, 16 мм
Режија: Клајд Брукман (Clyde Bruckman)
Сценарио: Ал Боасберг, Клајд Брукман, Бастер Китон (Al Boasberg, Clyde Bruckman, Buster Keaton)
Улоги: Бастер Китон, Мерион Мак, Глен Кавендер, Џим Ферли, Фредерик Врум (Buster Keaton, Marion Mack, Glen Cavender, Jim Farley, Frederick Vroom)

**Музичка придружба - Ива Дамјановски**

Џони Греј (Китон) е машиновозач, вљубен во Анабел Ли (Мек). Кога започнува Граѓанската војна во САД, Џони се пријавува во војската, но го одбиваат со образложение дека ќе биде покорисен како возач на локомотивата. Таткото и братот на Анабел ѝ кажуваат дека тој воопшто не сакал да се пријави, по што таа му се заканува дека нема да му зборува додека не го види во униформа.
Еден ден, додека разочараниот Џони управува со локомотивата, наречена „Генералот", група диверзанти од армијата на Северот го грабнува возот, заедно со Анабел Ли. Џони веднаш тргнува во потрага по својата локомотива и по девојката и така пристигнува на територијата што ја контролира непријателот. Во една куќа, тој го слуша разговорот на непријателските офицери, кои се договараат за спојување на двете дивизии во близината на еден мост, по што незапирливо би напредувале кон територијата под контрола на армијата на Јужната конфедерација. Истата ноќ, Џони успева да ја ослободи и Анабел, по што двајцата успеваат да побегнат во шумата. Кога пристигнуваат на железничката станица, Џони ги здогледува северните војници како го товараат неговиот воз и тој повторно си ја враќа својата локомотива. Непријателската војска започнува потрага по него, но кога стигнува до реката, Џони го минира мостот, а потоа ја известува војската на Конфедерацијата за приближувањето на непријателите. Војската на северот е победена, а Џони добива униформа и офицерски чин, по што повторно ја придобива наклонетоста на Анабел Ли и на нејзиниот татко.
Реставрираната копија на ГЕНЕРАЛОТ е добитник на наградата National Film Registry на американскиот National Film Preservation Board во 1989 година.

**Возрасна категорија: 10 години**
**Влезница: 50 денари**

**4 СЕПТЕМВРИ (НЕДЕЛА), 18:00 ч.**

## *КОПНЕЖОТ НА ВЕРОНИКА ФОС (DIE SEHNSUCHT DER VERONIKA VOSS / VERONIKA VOSS)*

Игран филм, Германија,
1982, 104 мин., црно-бел, ХД-видео
Режија: Рајнер Вернер Фасбиндер
(Rainer Werner Fassbinder)
Сценарио: Рајнер Вернер Фасбиндер, Пеа Фрохлих,
Петер Мартешајмер (Rainer Werner Fassbinder,
Pea Fröhlich, Peter Märthesheimer)
Улоги: Росел Зех, Хилмар Тате, Корнелија Фробес
(Rosel Zech, Hilmar Thate, Cornelia Froboess)




Претпоследниот филм на Фасбиндер е базиран врз вистинитата приказна за „германската Гарбо“, актерката Сибил Шмиц, која била популарна во 40-тите години од минатиот век и која изгорува во животот преполн со дрога и алкохол, одземајќи си го најпосле животот кон крајот на 50-тите години.
Во Минхен, во 1955 година, еден спортски новинар се среќава со Вероника Фос, актерка на предвоеното продуцентско претпријатие УФА, која имала љубовна афера со Гебелс. Фос е заложничка на својот доктор, кој ја снабдува со сите неопходни лекови, а најмногу со морфиум. Таа се обидува да се врати на актерството, но не е во состојба да одигра ниту една наједноставна сцена. Доколку Марија Браун е симбол на Германија, која ги лечи раните од поразот во војната и доколку Лола е втурната во конфликт меѓу корупцијата и должноста, тогаш Вероника Фос е симбол на она што ја преокупира естетиката на Фасбиндер, а тоа се сликите од холивудските филмови од 30-тите години, со внимателно вметнување на декаденцијата и сексуалната перверзија. Самата приказна неизбежно ѝ насочува кон врската на овој филм со оној на Били Вајлдер – БУЛЕВАР НА САМРАКОТ, уште еден класичен холивудски филм.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влез слободен**




**4 СЕПТЕМВРИ (НЕДЕЛА), 20:00 ч.**

## *ПАРОБРОДОТ БИЛ ЏУНИОР (Steamboat Bill, Jr.)*

Игран филм, САД
1928, 70 мин., црно-бел, 16 мм
Режија: Чарлс Рејснер, Бастер Китон (Charles Reisner, Buster Keaton)
Сценарио: Карл Харбо (Carl Harbaugh)
Улоги: Бастер Китон, Том Мегвајер, Ернест Торенс, Мерион Бајрон (Buster Keaton, Tom McGuire, Ernest Torrence, Marion Byron)

**Музичка придружба - Ива Дамјановски**

По даденото ветување на мајка си, Вилијам (Бил) Канинг Џуниор заминува да се запознае со својот татко, Вилијам Сениор, кого не го видел уште од времето кога бил мало дете. Младиот Канинг не е онаков како што очекувал татко му, кој пак има големи проблеми, зашто е избркан од работа од страна на Џеј Џеј Кинг, кој не само што е сопственик на локалниот хотел и на банката, туку неодамна го претставил и новиот пароброд кој потполно ќе го посрамоти стариот брод наречен „Стоунвол Џексон“ (Stonewall Jackson) на Канинг Сениор... Во меѓувреме, Бил Џуниор и Кити Кинг, ќерката на Џеј Џеј Кинг, се вљубуваат еден во друг. Кога реката ќе ја зафати голема бура, Бил Џуниор ги спасува Кити, нејзиниот и својот татко
ПАРАБРОДОТ БИЛ ЏУНИОР е првиот самостојно продуциран долгометражен филм на Бастер Китон. Филмот е добитник на награда за најпопуларен актер (Китон) на Faro Island Film Festival, како и на наградата ФИПРЕСЦИ за Китон и режисерот Рејснер во 1928, а во 2016 ја доби наградата за реставриран филм National Film Registry од американскиот National Film Preservation Board.

**Возрасна категорија: 10 години**
**Влезница: 50 денари**

**5 СЕПТЕМВРИ (ПОНЕДЕЛНИК), 18:00 ч.**

## *МАРТА*
## *(Martha)*




Игран филм, Германија,
1973, 112 мин., колор, ХД-видео
Режија: Рајнер Вернер Фасбиндер
(Rainer Werner Fassbinder)
Сценарио: Корнел Вулрих, Рајнер Вернер Фасбиндер
(Cornell Woolrich, Rainer Werner Fassbinder)
Улоги: Маргит Карстенсен, Карлхајнц Бом, Барбара Валентин
(Margit Carstensen, Karlheinz Böhm, Barbara Valentin)

Марта, млада жена, се наоѓа на одмор во Италија со својот татко. Татко ѝ ненадејно умира и таа неговата смрт ја доживува како еден вид ослободување. Па сепак, Марта е збунета од новонастанатата ситуација и необмислено влетува во брак со Хелмут, кој ја малтретира и физички и психички. Практично, Марта, со својот брак, прави само замена на еден вид притисок (оној на таткото) – со друг вид (оној на мажот).
Филмот е директна посвета на естетиката што ја гради Брехт во периодот пред Втората светска војна. Во него експлодира „чудната“ естетика на неповторливиот Фасбиндер. Она што Брехт го нарекува „чудно“, Фасбиндер го експлоатира до крајни граници. Чуден филм што нѐ остава зачудени. Покрај директните посвети на Даглас Сирк (Марта живее на улицата „Даглас Сирк“), Фасбиндер во овој филм коинцидира и со филмовите и естетиката на Буњуел. Случајна или не, но секако парадоксално, врската со Буњуел (и со многу други филмски и театарски автори) само ја потенцира „осаменоста“ на Фасбиндер како единствена, ендемска авторска личност во светот на филмот. МАРТА е филм-одговор на феминистичкото движење што започнува во 70-тите години од минатиот век, филм во кој е прикажан женски лик што не може да се снајде во животот.
Фасбиндер за МАРТА ја доби наградата „Sutherland Trophy“ на Британскиот филмски институт.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влез слободен**




**5 СЕПТЕМВРИ (ПОНЕДЕЛНИК), 20:00 ч.**

## *СОГОРУВАЊЕ (Le feu follet / The Fire Within)*

Игран филм, Франција
1963, 108 мин., црно-бел, ХД-видео
Режија: Луј Мал (Louis Malle)
Сценарио: Луј Мал (Louis Malle)
Улоги: Морис Роне, Лена Скерла, Жан Моро, Ивон Клеш, Ибер Дешам, Жан-Пол Мулино, Мона Дол (Maurice Ronet, Léna Skerla, Jeanne Moreau, Yvonne Clech, Hubert Deschamps, Jean-Paul Moulinot, Mona Dol)

Сторијата на филмот ги прикажува последните 24 часа од животот на еден самоубиец. Ален Лерој е писател кој безуспешно се обидува, со помош на алкохолот, да ја ублажи депресијата и болката која ја чувствува внатре, во душата. Заминува на рехабилитација во приватна клиника, каде што го лечи психијатар, па иако тоа не му помогнува вистински, прогласен е за „излечен“ и отпуштен од болницата. Лерој се обидува да најде поддршка во кругот на старите пријатели...
Актерот Морис Роне реализира имплозивна изведба на ликот на писателот Лерој. Непоштедлив во своето портретирање на внатрешниот немир на Ален и снимен со извонредна јасност, филмот СОГОРУВАЊЕ е еден од најтемните и најличните филмови на Мал. Иако отпрвин се чини дека филмот е сосема мрачен, емпатијата со која Мал ја разработува оваа тема на публиката ќе ѝ понуди поинаков поглед на оваа исклучително чувствителна тема. Вредно е да се спомене и моќното повеќеслојно сценарио, базирано на романот на Пјер Дрие Ла Рошел (Pierre Drieu La Rochelle), кое низ извонредната невидлива камера на Жилен Клоке (Ghislain Cloquet) е надополнето со одличната монтажа на Сузан Барон (Suzanne Baron).
По меѓународно признание за неговите претходни филмови: ЉУБОВНИЦИ (Les amants) и ЗАЗИ ВО МЕТРОТО (Zazie dans le metro), Луј Мал ја шокираше публиката со филмот СОГОРУВАЊЕ – критичарите го нарекоа „продорно проучување на индивидуалната и социјалната инерција“.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влезница: 50 денари**

**6 СЕПТЕМВРИ (ВТОРНИК), 18:00 ч.**

## *СЛУЧКИ ВО ЖИВОТОТ*
## *(Le Choses de la vie / The Things of Life)*




Игран филм, Франција
1990, 89 мин., колор, ХД-видео
Режија: Клод Соте (Claude Sautet)
Сценарио: Пол Гимар, Жан-Лу Дабади, Клод Соте
(Paul Guimard, Jean-Loup Dabadie, Claude Sautet)
Улоги: Мишел Пиколи, Роми Шнајдер, Жерар Лартиго,
Леа Масари, Жан Буис (Michel Piccoli, Romy Schneider,
Gérard Lartigau, Lea Massari, Jean Bouise)

Пјер (Мишел Пиколи), архитект, доживува сообраќајна несреќа возејќи се со својот автомобил на патот кон Рен. Додека го спасуваат од смачканиот автомобил, тој во полусвесна состојба се сеќава на неговиот живот. Неговите сеќавања, поточно случки од животот, се поврзани со прекрасната сопруга Катрин (Леа Масари, актерка запаметена како девојката што исчезнува во L'AVENTURA), шармантната љубовница (Роми Шнајдер), интелигентниот и симпатичен син (Жерар Лартиго), одличниот стан, викендицата на село, прекрасниот мал брод за крстарење и брз спортски автомобил. Но, се разбира, ништо не е вечно. Пјер ја запоставил сопругата која сега има љубовник. Но, исто така, тој не ѝ е баш верен и на својата љубовница, па таа веќе има сериозен додворувач. Синот се обидува да создаде некаков бизнис во својата детска соба, каде произведува сложени, но бескорисни електронски апарати. На викендичката треба ѝ да се сменат старите ролетни, додека, пак, бродот можеби оваа година воопшто нема да исплови.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влезница: 50 денари**




**6 СЕПТЕМВРИ (ВТОРНИК), 20:00 ч.**

## *ЕФИ БРИСТ*
## *(Fontane Effi Briest / Effi Briest)*

Игран филм, Германија,
1974, 141 мин,. црно-бел, ХД-видео
Режија: Рајнер Вернер Фасбиндер
(Rainer Werner Fassbinder)
Сценарио: Рајнер Вернер Фасбиндер
(Rainer Werner Fassbinder),
според новелата на Теодор Фонтејн (Theodor Fontane)
Улоги: Хана Шигула, Волфган Шенк, Ули Ломел
(Hanna Schygulla, Wolfgang Schenck, Ulli Lommel)

Исклучителна мелодрама, чие дејствие се случува во 19 век. Седумнаесетгодишната Ефи Брист ја мажат за баронот Фон Инстетен, кој живее во куќа за која таа верува дека е опседната од дух. Набргу добива дете, но Ефи е осамена затоа што нејзиниот маж е преокупиран со работата. По преселбата во Берлин, Ефи наоѓа смисла на својот живот, колку и да е тој жесток.
Прекрасна обработка на литературното дело на Теодор Фонтејн. Фасбиндер се придржува кон литературната предлошка, но сето тоа го подложува на својот филмски ракопис. Значи, со помош на сопствениот автентичен стил поткрепен со исклучителната црно-бела фотографија, Фасбиндер успева да направи одличен филм врз основа на познат роман типичен за деветнаесеттиот век – филм за форсираното созревање на една млада жена.
Фасбиндер со ЕФИ БРИСТ ја доби наградата „Interfilm Award“ на Берлинале, во 1974 година.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влез слободен**

**7 СЕПТЕМВРИ (СРЕДА), 20:00 ч.**

## *РУСАЛИСКИ ОБИЧАИ ВО ГЕВГЕЛИСКО (Rusalia customs in Gevgelija)*



Документарен филм, Македонија,
1957, 22 мин., црно-бел, ХД-видео
Режија: Благоја Дрнков (Blagoja Drnkov)
Сценарио: Вера Кличкова (Vera Klichkova)

Документарниот филм РУСАЛИСКИ ОБИЧАИ ВО ГЕВГЕЛИСКО – во детали го прикажува значењето на играта, ората и адетите од Гевгелискиот крај. Во тамошните села се силно зачувани ритуалите кои водат потекло од древниот пагански период со елементи на шаманизам. Сите обичаи се поврзуваат со Русалиите, а самиот збор значи „Розалија“ – и доаѓа од цвеќето роза (трендафил), цвет најчесто, дури и култно – посветуван на мртвите. Документарниот филм е реализиран со малку мистика во пристапот, и би бил нејасен во однос на местата и дешифрирањето на обичаите – без конкретните и детални коментари на филмскиот наратор во „офф-тон“.

## *ВЕЛИГДЕНСКИ ОБИЧАИ (Easter Folk Customs)*



Документарен филм, Македонија
1954, 20 мин., црно-бел, ХД-видео
Режија: Ацо Петровски (Aco Petrovski)
Сценарио: Вера Кличкова (Vera Klichkova)

Прослава на Велигден во селото Грешница, Бродско (Поречe) – и народните адети врзани за овој верски празник. „Преку филмот ВЕЛИГДЕНСКИ ОБИЧАИ од Порече, Етнолошкиот музеј има за цел ги запази богатите традиции од нашата културна историја, кои ќе послужат како документ за проучување на битието на нашиот народ.“



## *МАРИОВСКА СВАДБА (Mariovo Wedding)*

Документарен филм, Македонија
1966, 55 мин., колор, ХД-видео
Режија: Вера Кличкова (Vera Klichkova)
Сценарио: Милан Ристевски (Milan Ristevski)

Мариовската свадба – во овој филм – ги презентира свадбарските обичаи во Мариовскиот регион од Македонија – презентирани во склоп со пред-свадбарските обичаи, како и со оние пост-свадбарски адети, по одржувањето на самата церемонија, кои траат уште една цела недела по завршувањето на свадбата. Според богатството на обичаите што произлегуваат од овој крај на Македонија, а коишто се одвиваат во рамките на свадбарските свечености, неминовно следи заклучокот дека станува збор за апсолутно изворна варијанта која останала вака архаична – пред сè поради природната географска изолација на овој крај во Македонија.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влез слободен**

Трите филмови, ВЕЛИГДЕНСКИ ОБИЧАИ (1954), РУСАЛИСКИ ОБИЧАИ ВО ГЕВГЕЛИСКО (1957) и МАРИОВСКА СВАДБА (1966) датираат од пионерските и истовремено златни денови на етнолошката документарна продукција во Македонија. Станува збор за активност на тогашниот Етнолошки музеј, раководен од нејзиниот прв директор, Вера Кличкова, која е истовремено и една од основоположниците на визуелната антропологија кај нас, авторка на шест документарни филмови, во кои се појавува како сценаристка или режисерка.


д-р Илина Јакимовска

Во време кога во етнолошко-антрополошките кругови во светот, релевантноста на филмот како медиум за научно истражување и промоција била доведувана во прашање од конзервативните струи, кои сметале дека дисциплината треба да почива не врз подвижни слики туку врз зборови, таа и нејзините колеги успеале да се изборат за местото на етнолошкиот, и пошироко на документарниот филм во зачувувањето и пошироката афирмација на народната култура на Македонците, во склоп на тогашната СФРЈ. Од денешен аспект, нив можеме да ги категоризираме во жанрот „спасувачка етнологија“ (salvage ethnology), а поради фактот дека во времето во кое се настанати веќе се започнати процеси на коренита трансформација на традиционалната култура, која на овој начин и буквално се спасува од заборав. Тоа дека Кличкова била „моторот“ зад плодната продукција на етнолошки документарни филмови покажува и фактот дека од 1970-тите, времето на нејзиното пензионирање, па до осамостојувањето на земјата во 1990-тите и обновената продукција на Музејот на Македонија, бројот на вакви филмови драстично се намалил.

Во ВЕЛИГДЕНСКИ ОБИЧАИ се проследува прославата на големиот христијански празник во селото Грешница (Порече). Во помалку од дваесетина минути се прикажува целиот циклус, кој започнува еден месец пред Велигден со мелењето брашно за велигденските лебови; процесот на нивното месење и украсување; вапцањето јајца и благословувањето на децата и стоката со нив; посетувањето на гробишата со велигденски јадења, како и песните, ората и друштвените игри кои ги играат момчињата и девојките како начин за нивно социјализирање.

РУСАЛИСКИ ОБИЧАИ ВО ГЕВГЕЛИСКО зборува за заштитните обреди кои се преземаат во текот на т.н. „некрстени денови“ (од Божик до Водици) од страна на машки играорни дружини, во случајов од селото Миравци. Членовите на дружината се опремени со сабји, кои во времето на снимањето на филмот се дрвени, со назнака дека порано биле метални, со кои симболично и низ танц го изгонуваат злото. Филмот ја следи првичната организација на настанот, поделбата на улоги, облекувањето, собирањето на сретсело и ората кои притоа се играат, пред дружината да ја почне обиколката на атарот на селото и на куќите. Се опишуваат табуата кои важат за учесниците, како и обичајот кој подразбирал дека доколку се сретнат две русалиски дружини, треба да ја докажат својата надмоќ со реална меѓусебна битка, нешто што во времето на снимањето на филмот е веќе напуштено и

заменето со преговарање. Нагласена е и социјалната димензија на обредот, чија цел меѓу другото е да обезбеди приход за локалната заедница, односно за градење чешми, црква или решавање на други инфраструктурни потреби.

МАРИОВСКАТА СВАДБА ги презентира свадбарските обичаи во денес замрениот мариовски регион, повторно низ еден хронолошки и сеопфатен пристап, од предсвадбарските адети, оние кои се прават за време на свадбата, и оние по неа. Богатството на материјалите се толкува низ призмата на природната изолација на овој крај, кој овозможил и зачувување на нивната автентичност. Токму поради сложената структура на овој обред на премин, кој опфаќа голем број улоги и дејства, ова е истовремено и најдолгиот од сите три филма.

И покрај различните теми, неколку карактеристики се заеднички за сите три дела. Прво е почитувањето на главниот принцип на визуелната антропологија, принципот на холизам, кој подразбира дека прикажаното треба да биде ставено во конкретен контекст, и доколку се работи за обред (а во случајов сите три зборуваат за обреди), тој да биде прикажани хронолошки, од почеток до крај. Понудениот контекст не е само социјален туку и природно-географски, со прецизно лоцирање на пределите и наведување на нивните рељефни и климатски карактеристики. Користената музика е или снимена на терен (во еден од случаите е наведено дека тоа го сторила самата Кличкова, со магнетофон) или на неа ѝ е посветено посебно внимание, со ангажирање на професионален композитор (Стефан Гајдов) и инструменталисти од тогашната македонска опера. Согласно тогашниот тренд, освен телоп во воведот, се користи глас на наратор – професионален спикер кој нуди детален опис на она што се случува на екранот.

Од денешна гледна точка особено е интересна призмата низ којашто се толкуваат обредите, особено за Велигден, кои сосема го игнорираат црковниот односно христијанскиот аспект, инсистирајќи исклучиво на паганските елементи на обредите – нешто што веројатно се должи на духот на тогашното социјалистичко уредување и статусот на религијата. Истовремено, крајно ангажирано звучи синтагмата во воведот на ВЕЛИГДЕНСКИ ОБИЧАИ, дека тој треба да послужи „како документ за проучување на битот на нашиот народ“, бит кој и денес доживува различни предизвици и за кој, оттаму, ваквите филмови се од непроценливо историско и културно значење.

**д-р Илина Јакимовска**
Институт за етнологија и антропологија, ПМФ, УКИМ



**Вера Кличкова**

## ПРИДРУЖНА ПРОГРАМА:

**1 СЕПТЕМВРИ (ЧЕТВРТОК), 12:00 ч.**

Работилница:

***ИСТОРИЈА НА ФИЛМОТ***

**Предавач: Марија Џицева**

**2 СЕПТЕМВРИ (ПЕТОК), 12:00 ч.**

Мастерклас:

***МУЗИКАТА ВО НЕМИОТ ФИЛМ / РЕСТАВРАЦИЈА НА ФИЛМ – 1. ДЕЛ***

**Предавач: Членови на Одделението за дигитализација при Кинотеката на Р.С.Македонија**

**3 СЕПТЕМВРИ (САБОТА), 12:00 ч.**

Мастерклас:

***МУЗИКАТА ВО НЕМИОТ ФИЛМ / РЕСТАВРАЦИЈА НА ФИЛМ – 2. ДЕЛ***

**Предавач: Членови на Одделението за дигитализација при Кинотеката на Р.С.Македонија**

**4 СЕПТЕМВРИ (НЕДЕЛА), 12:00 ч.**

Мастерклас:

***ПОЧЕТОЦИ НА АНИМАЦИЈАТА***

**Предавач: Крсте Господинов**

**7 СЕПТЕМВРИ (СРЕДА), 20:00 ч.**

***ИЗЛОЖБА НА РОБЕРТ ЈАНКУЛОВСКИ***
***„ФОТОГРАФИИ НА МИЛТОН И ЈАНАКИ МАНАКИ“***

**фоаје на Кинотека**

**Уредник на изданието:**
м-р Дамјана Патчева

**Реализација:**
Петар Волнаровски
Кире Велков
м-р Тихомир Кашмицовски
Миле Миленковски
Виолета Петрушевска
Бојан Станишиќ
Александра Младеновиќ
Стојан Синадинов
м-р Игор Старделов
м-р Александар Трајковски
Соња Неделковска
Александар Василевски
Илија Павлов
Филип Лафазановски
М-р Дамјана Патчева
Емил Костовски
Лидија Христова
Зоран Трендафиловиќ
Марија Циџева
Марина Лазаревска

**Лектура:**
Ѓорѓи Крстевски

**Дизајн:**
Игор Сековски

**Печати:**
Арт принт Студио

**Телефон за резервации:**
+ 389 2 3065 968
Резервирани билети се подигаат најдоцна 30 минути пред претставата

**Проектот е поддржан од Министерство за култура на Република Северна Македонија**

Република Северна Македонија
Министерство за култура
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

KINO BALKAN

EUROPA CINEMAS
CREATIVE EUROPE - MEDIA SUB-PROGRAMME

INSTITUT FRANÇAIS
SKOPJE

GOETHE-INSTITUT

УМНО
уметност / наука / образование